СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Вторник, 31 март 1964
Скопје
Број 12 Год. XX

Претплата за 1964 год. изнесува 2.200 дин. Овој број чини 64 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

53.

На основа член 195 точка 11 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, во врска со член 13 став 2 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/63), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ

I. Се разрешува досегашниот претседател и членовите на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности.

II. Во Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности се именуваат:

а) за претседател
— ДРАГИ ТОЗИЈА, директор на Радиотелевизија — Скопје;

б) за членови:
— ШУКО АВДОВИЌ, пратеник на Собранието на СРМ;
— КОЦЕ БАЛАБАНОВ, конзерватор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата;
— ЖИВКО ВАСИЛЕВСКИ, претседател на Околискиот одбор на ССРН за Битолска околија;
— ПАНДЕ ВОЈДАНОВСКИ, секретар на Главниот одбор на „Народна просвета“;
— БРАНКО ГЛИГОРОВ, самостоен референт во Републичкиот секретаријат за култура;
— ДАРКО ДАМЕВСКИ, артист на Драмата на Народниот театар во Скопје;
— ПЕТАР МАЗЕВ, асистент на Техничкиот факултет во Скопје;
— ВАСИЛ НЕТКОВ, директор на музеј во Штип;
— АНТЕ ПОПОВСКИ, писател;
— КИРО ПОПОВСКИ, член на ЦК СММ;
— МЕХМЕД АЛИ ХОЏА, директор на „Детска радост“;
— ДРАГАН ШУПЛЕВСКИ, диригент на Академско културно уметничко друштво „Мирче Ацев“.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-693/1
7 март 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

54.

На основа член 195 точка 11 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/63), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ТЕАТАРСКИОТ СОВЕТ НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВО СКОПЈЕ

I. Се разрешуваат досегашните членови на Театарскиот совет на Народниот театар во Скопје.

II. Се именуваат за членови на Театарскиот совет на Народниот театар во Скопје:
— ТОМЕ АРСОВСКИ, писател;
— КОЧО БИТОЉАНУ, републички секретар за внатрешни работи;
— КСЕНИЈА ГАВРИШ, новинар;
— КИРО ЗРМАНОВСКИ, член на ЦК СММ;
— ЕМИН ИЉАМИ, пратеник на Собранието на СРМ;
— ДИМИТАР КОНДЕВ, академски сликар;
— ПРЕДРАГ КУШЕВСКИ, пратеник на Сојузната скупштина;
— МАТЕЈА МАТЕВСКИ, писател;
— ИЛИЈА МИЛЧИН, артист на Драмата;
— ВЛАСТО НИКОЛОВСКИ, композитор;
— БОРИС ПЕТКОВСКИ, критичар;
— ПЕТАР ПРЛИЧКО, член на Драмата;
— ДРАГОЉУБ СТАВРЕВ, потпретседател на Градското собрание на Скопје;
— НИКО ТОДОРОВСКИ, секретар на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;
— АНА ТОФОВИЌ — ЛИПША, солист на Операта;
— ВАСИЛ ЌОРТОШЕВ, режисер на Операта;
— ВАНЧО ЧАВДАРСКИ, диригент;
— ДИМЕ ШУМКА, сликар-сценограф.

III. Членови на Театарскиот совет по службено место се:
— СТОИМИР ПОПОВСКИ, управител на Театарот;

— ЈОВАН БОШКОВСКИ, директор на Драмата и
— ФИМЧО МУРАТОВСКИ, в. д. директор на Операта.

IV. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-695/1
7 март 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

55.

На основа член 195 точка 11 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, во врска со член 13 став 2 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност.

II. Во Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност се именуваат:

а) за претседател
— БОРЧЕ МИЉОВСКИ, републички секретар за информации;

б) за членови:
— СТРАТЕ АРСОВСКИ, директор на Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија";
— АРСЕНА ДЕСПОТОВСКА, главен уредник на Издавачкото претпријатие „Просветно дело" во Скопје;
— БЛАГОЈА ИВАНОВ, писател;
— ФАХРИ КАЈА, главен и одговорен уредник на весникот „Бирлик";
— ИВАНКА КОЧОСКА — КРЛЕ, самостоен референт во Републичкиот секретаријат за култура;
— ВАСИЛ КУНОВСКИ, помошник директор на Издавачкото претпријатие за уметничка литература „Кочо Рацин" во Скопје;
— БРАНКО ПЕНДОВСКИ, уредник во Издавачкото претпријатие „Култура" во Скопје;
— АНИЦА ПЕТРУШЕВА, кустос во Етнолошкиот музеј;
— ЃОРГИ СТАЛЕВ ПОПОВСКИ, асистент на Филозофскиот факултет во Скопје и
— ЖИВКО ЧИНГО, новинар.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-694/1
7 март 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

56.

На основа член 195 точка 11 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ПЕСНИ И ИГРИ НА СРМ „ТАНЕЦ"

I. Се разрешуваат досегашните членови на Советот на Ансамблот за народни песни и игри на СРМ „Танец".

II. Се именуваат за членови на Советот на Ансамблот за народни песни и игри на СРМ „Танец":
— Јордан Бражански, новинар;
— Зоран Вангелов, професионален политички работник во Главниот одбор на ССРНМ;
— Душко Георгиевски, член на Ансамблот;
— Томе Зографски, композитор;
— Иван Ивановски, новинар;
— Дојчин Матевски, член на Ансамблот;
— Олга Милосавлева, кореограф;
— Драгослав Ортаков, музиколог;
— Мирко Пејовиќ, член на Универзитетскиот одбор на СММ;
— Мето Симоновски, Институт за фолклор;
— Драган Топчиевски, секретар на Главниот одбор на Работничката културно-просветна заедница;
— Јонче Христовски, член на Ансамблот.

III. Директорот на Ансамблот е член на Советот по своето службено место.

IV. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-692/1
7 март 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

Оіласен дел

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 784, страна 589, книга III, е запишано под фирма: Индустрија за моторни возила од Ново Место — Претставништво во Скопје, ул. „Кеј Димитар Влахов" бр. 58. Предмет на работењето на претставништвото е: склучување на договори за промет со производите на Индустријата за моторни возила меѓу кои: моторни возила, каросерии, превозни средства, селскостопански машини и делови на тие машини и на превозните средства, како и останати предмети од металната индустрија што служат за превозните средства и машини.

Претставништвото е основано од Работничкиот совет на Индустријата за моторни возила Ново Место, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула — Скопје број 03/1-13291 од 16. XII. 1961 година.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Радуловски Панче, раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 341/63. (770)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 50, страна 143, е запишана под фирма: Претпријатие за изработка на офицерски и цивилни облека и чевли „22 декември" од Скопје — Продавница во Тетово, ул. „Илинденска" бр. 3. Предмет на работењето на продавницата е: промет со зимска и летна униформа и офицерски и други облека, чевли и чизми, лесна и тешка конфекција, кратка и плетена стока од памучно, волнено и синтетично предиво, ќебиња, душеци, јоргани и теписи, кофери, ташни, опасачи и други производи од кожа и пластични маси, ознаки и други бижутерски производи.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за изработка на офицерски и цивилни облека и чевли „22 декември", Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово број 04-12541 од 11. III. 1963 год.

Раководител на продавницата е Васо Трпчевски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 238/63. (793)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 786, страна 599, книга III, е запишана под фирма: Фабрика за метален намештај и жичани производи „Радулашка" — Белград — Продавница во Скопје, ул. „Петар Дејан" бр. 5. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на група артикли на жичани производи: а) плетица од црна и поц. жица („Универзал" и „Меркур"), б) платна црни и поцинковани (сите врсти), ц) бодљикава жица, д) поцинкована, светла, шарена и месингана жица почнувајќи од дим. 0,20 мм. — 6 мм. Група на артикли од метален намештај: а) метални кревети и мадраци, б) школски намештај, ц) канцелариски намештај, д) намештај за угостителство и туризам, е) намештај за опрема на биоскопски, театарски и афмитеатарски сали, ф) опрема за графичка индустрија, г) опрема за детски домови и градинки, х) специјален мадрац „Шларафија", и) детски колици, ј) опрема за самопослуга.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на фабриката за метален намештај и жичани производи „Радулашка" од Белград, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје број 04-13660/62 од 9. III. 1963 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Алтаноски Благоја, раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 357/63. (784)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 787, страна 605, е запишано под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол", Скопје. Предмет на работењето на претпријатието е: услуги со исхрана, промет со алкохолни и безалкохолни пијалоци, останати услуги сврзани со основната дејност на стопанската организација.

Претпријатието е основано од Народниот одбор на општината Идадија, Скопје, со решението број 5175 од 13. IV. 1963 година и Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје, со решението број 1556 од 23. IV. 1963 година, а со спојувањето на Угостителскиот дуќан „Крушево", Скопје, и Угостителското претпријатие „Победа" — Скопје.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Спасо Мојсовски, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 396/63. (812)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 262, страна 999, книга I, е запишано под фирма: Претпријатие за доградба и искористување на мелиоративен систем „Липково" — Куманово. Предмет на работењето на претпријатието е: експлоатација, одржување, доградба и заштита од буици на мелиоративниот систем „Липково".

Претпријатието е основано од Народниот одбор на Кумановска околија, со решението бр. 3889/1 од 10. VI. 1963 година.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува инж. Бранко Младеновски, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 403/63. (856)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 666, страна 925, книга II, е запишана под фирма: Комбинат за чевли и гумени производи „Водно" — Скопје — Продавница во Крива Паланка, ул. „Маршал Тито". Предмет на работењето на продавницата е: продажба на сите видови машки, женски и детски чевли и сите видови гумени чевли и гумена опрема.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Комбинатот за чевли и гумени производи „Водно" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Крива Паланка број 05-1025 од 31. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Трајкова Ленка.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 418/63. (857)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 666, страна 925, книга II, е запишана под фирма: Комбинат за чевли и гумени производи „Водно" — Скопје — Продавница број 31 во Тетово, ул. „Маршал Тито" бр. 9. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на машки, женски и детски чевли, гумени производи, техничка стока, чорапи и ситна стока за одржување на чевли.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Комбинатот за чевли и гумени производи „Водно" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово број 04-10776/1 од 15. I. 1963 година.

Раководител на продавницата е Воислав Стефчевски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 416/63. (869)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 788, страна 611, книга III, е запишано под фирма: Трговско претпријатие за промет со техничка стока на големо „Технохемија" од Белград — Претставништво во Скопје, ул. „Маршал Тито" бр. 78. Предмет на работењето на претставништвото е: во име и за сметка на Претпријатието „Технохемија" — Белград, комерцијално да го разработува теренот на СРМ заради пласман на хемиска и техничка стока.

Претставништвото е основано од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со техничка стока на големо „Технохемија" — Белград, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје број 04-5516 од 3. VI. 1963 година.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Раде Дамјановски, раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 384/63. (879)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 426, страна 507, книга II, е запишано под фирма: Земјоделско стопанство „Душан Ќириќ" во село Росоман, Титоввелешка околија. Предмет на работењето на стопанството е:

а) основна дејност: обработка на земјишна површина, производство на житарици, градинарски култури, индустриски и крмни култури, одгледување на крави и производство на млеко, месо, приплоден материјал и телиња за тов, лозарство (производство и преработка на грозје во алкохолни пијалоци), овоштарство, одгледување на свињи и живина, откуп и продажба на земјоделски производи од приватен и социјалистички сектор и вршење на разни услуги;

б) споредна дејност: продажба на сопствени производи.

Стопанството е основано од Народниот одбор на општината Градско, со решението бр. 459/1 од 13. II. 1963 година, а со фузија на Земјоделското стопанство „Црна Река" од село Росоман и Земјоделската задруга „Душан Ќириќ" од село Росоман.

Стопанството ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Ѓоргиевски Костов Наум, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 452/63. (880)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 96, страна 225, е запишана под фирма: Трговско претпријатие „Кораб" од Гостивар — Продавница во село Зубовце. Предмет на работењето на продавницата е: промет со мешовити индустриски стоки, животни намирници и предмети за куќни потреби, деликатесни приозводи, производи врз база на шеќер и какао, зеленчук, овошје и преработки од овошје, млеко, млечни производи, леб и печиво, алкохолни и безалкохолни пијалоци, преработки од тутун, кибрит, житарици и мелнички производи.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие „Кораб" од Гостивар, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар број 7924/62 од 22. IV. 1963 година.

Раководител на продавницата е Живко Димитриевски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 387/63. (888)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 263, страна 1005, книга I, е запишано под фирма: Претпријатие за производство и промет со

сите видови ќилими и народни ракотворби „Вера Пазаванска" — Кратово. Предмет на работењето на претпријатието е: производство и промет со сите видови ќилими и народни ракотворби.

Претпријатието е основано од Народниот одбор на општината Кратово, со решението број 2615 од 23. V. 1963 година.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Бранко Андреевски, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 457/63. (890)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 427, страна 513, книга III, е запишана под фирма: Индустрија за обувки „Солид" од Суботица — Продавница во Титов Велес, ул. „Димитар Влахов" бр. 101. Предмет на работењето на продавницата е: промет на мало со чевли, произведени од Индустријата за обувки „Солид" — Суботица, како и чевли од останати производители поради дополнување на асортиманот.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Индустријата за обувки „Солид" — Суботица, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес број 9312 од 10. XI. 1962 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Хаџи Наумов Александар, раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 54/63. (893)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 305, страна 1303, книга I, е запишан под фирма: Градежно претпријатие „Тунелоградња" — Белград — Работнички ресторан во село Падалиште, Гостивар. Предмет на работењето на ресторанот е: издавање на сите видови храна и точење на пијалоци од сите врсти.

Ресторанот е основан од Работничкиот совет на Градежното претпријатие „Тунелоградња", Белград, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар број 3862 од 31. V. 1963 година.

Работничкиот ресторан ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Војновски Зоран, раководител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 461/63. (912)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 789, страна 627, книга III, е запишано под фирма: Претпријатие за дистрибуција на електрична енергија на територијата на СР Македонија „Електро Македонија" — Скопје. Предмет на работењето на претпријатието е: купување и продажба (дистрибуција) на електрична енергија — производство на електрична енергија.

Претпријатието е основано од Извршниот совет на СР Македонија, со решението бр. 09-1325/1 од 18. VI. 1963 година.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Мите Андреевски, директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 466/63. (918)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, под рег. бр. 173, страна 453 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Земјоделското стопанство „Илјо Виларов" од Неготино, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Неготино број 01-3627/1 од 31. XII. 1962 година е припоено кон Земјоделскиот комбинат „Повардарие" од Неготино.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 17/63. (79)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 92, страна 333 е запишано следното: Биновски Петров Ристо, досегашен управник на Земјоделската задруга „Единство" од село Миравци, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов управник на задругата е назначен со решението на Народниот одбор на општината Гевгелија број 01-237/1 од 22. II. 1962 година Александар Ангелов Николовски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Ристо Блажев, сметано од 26. I. 1962 година.

Досегашниот управен одбор на задругата е сменет од должност. За нов управен одбор на задругата се избрани следните лица: Костадин Б Николов, Ангел С. Митров, Илија Т. Костадинов, Димче Л. Николов, Ристо Петков, Јанко Јакофов, Костанда Д. Димова, Костанда А. Митрова, Ристо П. Бинов, Лазар Р. Јованов и Александар А. Николовски. Претседател на управниот одбор е Ристо П. Бинов.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 55/63. (218)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 113, страна 323 е запишано следното: Душко Јовановски, досегашен директор на Кожаро-крзнарското претпријатие „Илинден" — Куманово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Куманово број 25584/1 од 27. XII. 1962 година Тихомир Таневски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Никола Пачковски, сметано од 18. II. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 114/63. (223)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 15, страна 47 е запишано следното: Досегашниот раководител на Самостојниот погон за промет, ускладиштување и преработка на селско-стопански производи и индустриска кланица со ладилник во Гостивар на претпријатието „Стокопромет" експорт-импорт, Скопје, Аврамовски Павле, е разрешен од должност. За директор на погонот е назначен Поповски Благоја. Тој погонот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со старите регистрирани потписници: Стојановски Иван, шеф на сметководството, Сакип Османи и Јовановски Панто, службеници, сметано од 18. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 260/63. (443)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 111, страна 307 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје број 4388 од 13. IV. 1963 година и Народниот одбор на општината Куманово број 1175/1 од 26. I. 1963 година кон Книгоиздателството за уметничка литература „Кочо Рацин", Скопје, се припојува Трговското претпријатие на големо и мало „Задружна просвета", Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 276/63. (445)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 89, страна 239 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговското претпријатие на големо и мало „Задружна просвета" — Куманово, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје број 4388 од 13. IV. 1963 година и решението на Народниот одбор на општината Куманово број 1175/1 од 26. I. 1963 година е припоено кон Книгоиздателството за уметничка литература „Кочо Рацин", Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 277/63. (446)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 218, страна 701 е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Мешовитото трговско претпријатие на големо и мало „Напредок" од село Липково, Кумановска околија и тоа: Сефедин Демири, в. д. директор, и Емин Османи, комерцијалист, претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Нухија Р. Нијази, шеф на сметководството, сметано од 17. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 255/63. (447)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 333, страна 1037, книга I е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Занаетчискиот коларо-ковачки дуќан со паушална претсметка „Напредок", Кавадарци, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Кавадарци број 03-394/1 од 6. III. 1963 година е припоен во новоформираното Занаетчиско електро-метално претпријатие „Црвена звезда" од Кавадарци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 241/63. (450)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 114, страна 303 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Коларо-ковачката задруга „Црвена звезда" од Кавадарци, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Кавадарци број 03-394/1 од 6. III. 1963 година е споена во новоформираното Занаетчиско електро-метално претпријатие „Црвена звезда", Кавадарци.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 242/63. (451)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 77, страна 221 е запишано следното: Стојчевски Спасе, досегашен раководител на Продавницата за намештај во Скопје, ул. „Маршал Тито" бр. 56 на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска" —Скопје, е разрешен од должност. За раководител на продавницата е назначен Илиевски Спасе Благоја, кој нема да биде потписник.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 229/63. (454)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 502, страна 1424 е запишано следното: Методија Ристовски, досегашен раководител на Занаетчиската задруга „Термика" од Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на задругата е назначен Чупевски Томислав, технички раководител. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува како технички раководител до 1. V. 1963 година, а од 1. V. 1963 година како в. д. управник, сметано од 10. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 232/63. (455)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 407, страна 1089 е запишано следното: Ангеловски Тасев Никола, досегашен директор на Услужното сидаро-молерско претпријатие „Пролет" од Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје број 379 од 22. III. 1963 година Јаневски Перо. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Јовановски Стојан, шеф на стопанско-сметководниот сектор, сметано од 6. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 223/63. (456)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 107, страна 299 е запишано следното: Поп Иванова Хилда, досегашен раководител на Претставништвото во Скопје на Претпријатието „Рапид" — Белград, е сменета од должност и ѝ престанува правото за потпишување.

За раководител на претставништвото е назначен Јовановиќ Александар, кој што ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, сметано од 18. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 259/63. (462)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 767, страна 455, книга III е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје број 02/4-6482/1 од 11. IV. 1963 година фирмата на Претпријатието за меѓународен и внатрешен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција и јавни складишта „Југотранс-транскоп" — Скопје се менува и во иднина ќе гласи: „Транскоп" претпријатие за автотранспорт и меѓународна шпедиција — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 261/63. (463)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 188, страна 187, книга II е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Станбено-штедната задруга „Југ" од Скопје, согласно со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје број 06-2825 од 23. III. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 256/63. (464)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 359, страна 1189 е запишано следното: Милан Андреев Михајловски, досегашен в. д. директор на Хидроелектричната централа „Бабуна" од село Богомила, Титоввелешка околија, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на централата е назначен со решението на Народниот одбор на општината Богомила број 01-1340 од 30. III. 1963 година Мите Анастасовски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува сметано од 11. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 234/63. (465)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 232, страна 673 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Теарце број 03-2129/1 од 26. III. 1963 година дејноста на Трговското претпријатие за промет со мешани индустриски стоки на мало и селскостопански производи на мало и големо „Бистрица" од село Теарце заедно со проширената е: продажба на крзнена стока, железарска стока и прибор, музички инструменти, радиоапарати и прибор, саати и производи од племенити метали, градежен материјал, куќен мебел, животни намирници, предмети за домашни потреби, деликатесни производи, тутунови производи, мешана индустриска стока, дрогерија, угостителство, месо и месни производи, сточна храна, житарици и млински преработки, производи од шеќер и какао, овошје и зеленчук и преработки, млеко и млечни производи, леб и печиво, риба, алкохолни и безалкохолни производи, домашни птици, јајца и дивеч, пердув, производи од домашна радиност и уметнички занаети, ватрогасни справи, материјали и прибор, отпадоци, техничка стока за снабдување на претпријатијата и занаетчиството, шивачки машини и прибор, велосипеди и скутери, нафта и нафтени деривати, мазива, уља и масти, оружје, муниција и ловечки прибор, експлозиви и пиротехнички материјали, рибарски материјали и прибор, спортски прибор, електрични материјали, огревно дрво и јаглен.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 221/63. (466)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 175, страна 471 е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Претпријатието за обработка на тутун — Тетово Александар Стерјоски со решението на Народниот одбор на општината Тетово број 02-18122 од 29. III. 1963 година е назначен за директор на претпријатието и како таков ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со Љубо Ганев Миладиновски, технички директор, сметано од 6. IV. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 224/63. (467)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 218, страна 615 е запишано следното: Јанкуловски Софре, досегашен потписник на „Мермер" индустрија и рудници за украсен камен — Гостивар, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нов потписник на претпријатието е назначен Јанковски Трифунов Момир, шеф на сметководството. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со старите регистрирани потписници Лазаревски Мино, директор, и Гавриловски Дејан, финансов директор, сметано од 24. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр 273/63. (491)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 254, страна 921 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Занаетчиското комунално претпријатие „Извор" од село Липково, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Липково број 890/1 од 23. II. 1963 година е припоено кон Земјоделската задруга „Лирија" од село Белановце, Кумановска околија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 263/63. (493)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 27, страна 103 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Липково број 890/1 од 23. II. 1963 година кон Земјоделската задруга „Лирија" од село Белановце, Кумановска околија, се припојува занаетчиското комунално претпријатие „Извор" од село Липково.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 264/63. (494)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 182, страна 481 е запишано следното: На досегашните потписници на Угостителското претпријатие „Балкан" — Кавадарци и тоа: Кујумџиев Герасимов Илија, директор, и Вуко Ј. Мелов, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За в. д. директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Кавадарци бр. 03-2002 од 30. III. 1963 година Ацо Карапетров. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со новоназначениот потписник Трајчо Митков, келнер, и стариот регистриран потписник Драги Иванов, сметано од 22. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 271/63. (495)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 456, страна 1264 е запишано следното: Тасе Гавриловски, досегашен в. д. директор на Сервисот за снабдување на занаетчиството и комуналните организации во СРМ со репродукционен материјал и опрема и промет со готови занаетчиски производи на големо и мало „Занатсервис Македонија" — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на сервисот е назначен со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје број 125 од 13. IV. 1963 година Петков Методија. Тој сервисот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Благоја Георгиевски, шеф на сметководството, сметано од 25. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 278/63. (497)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 140, страна 379 е запишано следното: Деспот Јакимовски, досегашен директор на Градежното претпријатие „Илинден" од Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на претпријатието е назначен Драган Бундалевски со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје број 120 од 13. IV. 1963 година. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со стариот регистриран потписник Кипровски Методија Јосиф, шеф на сметководството, сметано од 23. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 275/63. (498)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 688, страна 937 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Угостителското претпријатие „Турист" — Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје број 4228 од 13. IV. 1963 година е припоено кон Угостителското претпријатие хотел и ресторан „Македонија" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 287/63. (499)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 671, страна 955, книга II е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Угостителското претпријатие „Бристол" од Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје број 4228 од 13. IV. 1963 година е припоено кон Угостителското претпријатие хотел и ресторан „Македонија" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 288/63. (500)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 269, страна 697 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје број 4228 од 13. IV. 1963 година кон Угостителското претпријатие хотел и ресторан „Македонија", Скопје, се припојуваат: Угостителското претпријатие „Турист" од Скопје и Угостителското претпријатие „Бристол" од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 289/63. (501)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 269, страна 697 е запишано следното: На досегашните потписници на Угостителското претпријатие хотел и ресторан „Македонија" —

Скопје: Александар Угриновски, директор, и Лука Арсовски, шеф на сметководството, им престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје Ристо Лазаревски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува со новоназначениот раководител на стопанско-сметководниот сектор Лука Арсовски, Андон Савовски, технички директор, и Благоја Ангеловски, шеф на сметководството, сметано од 29. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Андон Савовски, технички директор, и Благоја Ангеловски, шеф на сметководството, ќе потпишуваат во отсатност на Ристо Лазаревски, директор, и Лука Арсовски, раководител на стопанско-сметководниот сектор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 290/63. (502)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 712, страна 41, книга II е запишано следното: Димовски Тодор, досегашен раководител на Занаетчиската инсталатерска задруга за водовод и централно греење „Југотерма" — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување. Исто така му престанува правото за потпишување и на Тодор Петровски, член на задругата.

За раководител на задругата е назначен Петровски Тодор, којшто ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, сметано од 25. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 279/63. (503)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 664, страна 913, книга II е запишано следното: На досегашните потписници на Шумското стопанство „Карацица" — Скопје и тоа: инж. Андон Мировалиев и инж. Томислав Атанасовски им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на стопанството се назначени следните лица: инж. Александар Лешков и инж. Живко Минчев. Тие стопанството ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат со стариот регистриран потписник Димко Шалтански, директор, сметано од 22. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 270/63. (504)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 208, страна 579 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Работничката менза во Тетово на Печатницата и книговезницата „Напредок" од Тетово, согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово број 04-1839/1 од 19. IV. 1963 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 269/63. (508)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 162, страна 423 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гевгелија број 03-1462/1 од 18. IV. 1963 година фирмата на Испоставата во Гевгелија на „Југошпед" — Претпријатие за меѓународна шпедиција и јавни складишта Белград во иднина се менува и ќе гласи: Претпријатие за меѓународна шпедиција „Југошпед" — Белград — Испостава во Гевгелија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 285/63. (523)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 66, страна 259 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово број 7170/1 од 1. IV. 1963 година се симнува принудната управа на Земјоделската задруга „Нагоричко Поле" од село Младо Нагоричане.

За в. д. управник на задругата е назначен Борис Лазаревски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува со новоназначениот потписник шеф на сметководството Саве Спасовски, сметано од 20. IV. 1963 година, во границите на овластувањето.

На досегашниот потписник Радивоје Младеновиќ, принуден управник, му престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 265/63. (524)

